РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4681/1
03.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Триесет и први дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот за соработка меѓу Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 4 февруари 2016 година, Агенцијата го доставува последниот дневен извештај за Локалните избори 2025 за активностите спроведени на 31 октомври 2025 година.

Агенцијата го финализираше Извештајот од изборното медиумско претставување во првиот круг од Локалните избори 2025 и го објави на својата веб-страница. Тој е доставен и до Советот кој ќе го разгледа на седница на 3 ноември 2025 година.

Исто така, Агенцијата преку соопштение ги потсети радиодифузерите дека за време на изборниот молк (од 00 часот на 1 ноември до 19:00 часот на 2 ноември) продолжува информирањето за текот на изборите, но оти е забрането да се емитуваат какви било содржини кои можат да влијаат врз одлуката на избирачите.

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми постапи по четири претставки. Првата се однесува на објава на Фејсбук од кандидатот за градоначалник на Општина Македонска Каменица Димчо Атанасовски – Џими, од 17 октомври. Телото утврди дека објавата не содржи навреда, говор на омраза или дезинформации, но дека, спротивно на Кодексот, официјалната страница на Општината беше искористена за изборна промоција. Две претставки беа поднесени од Коалицијата ВЛЕН против медиумите fokus.mk и triling.mk, за текстови објавени на 26 октомври со наслов „Мерко во Струга ќе ги поддржи ВЛЕН наместо ДУИ: Се испазарил за амнестија и за влез во Влада?!". Телото го прифати мислењето од Комисијата за жалби на Советот за етика во медиумите на Македонија која утврди прекршувања на член 1 и член 13 од Кодексот на новинарите на Македонија, поради објавување непроверени информации и мешање факти и коментари. За Претставката поднесена против кандидатот за градоначалник на Град Скопје Орце Ѓорѓиевски, во врска со ТВ-дуел емитуван на Канал 5 на 28 октомври (и достапен онлајн), Телото утврди прекршување на член 5 од Кодексот, поради користење непримерен и дискриминирачки говор кон противкандидатот.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

**д-р Зоран Трајчевски**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје